**ПРИЛОГ XI**

# ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

**РАД – КОМ ДООЕЛ Скопје**

Мај, 2022

## 1. ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

Задолжителен дел од барањето за интегрирана еколошка дозвола е програмата за подобрување на работата на инсталацијата и заштита на животната средина.

Со цел унапредување на заштитата на животната средина, постигнување повисоки еколошки перформанси, целосна и редовна усогласеност со сите постоечки стандарди за квалитет на животната средина и гранични вредности на емисија, операторот на активноста РАД – КОМ ДООЕЛ Скопје изработи Програма за подобрување.

Програмата за подобрување на работата на инсталацијата за лиење на бакар и заштита на животната средина ги вклучува следните активности:

- **Селекција на отпадот и негово редовно отстранување**
- **План за управување со животната средина**
- **Редовен мониторинг согласно Предлог програмата за мониторинг**
- **Процедури за селекција на отпаден бакар**
- **Редовна проверка на разладните уреди и проверка на истекувањата**
- **Обезбедување на цистерна за собирање и складирање на води искористени од ладење**
- **Обезбедување на алтернативен начин на снабдување со вода за ладење (бунар)**
- **Процедури за следење и контрола на системот за ладење**

Програмата за подобрување на работата на инсталацијата за производство на брикети и заштита на животната средина ги вклучува следните активности:

- **Редовно одржување и проверка на системот за зафаќање на прашина (отпрашување).**
- **Редовно одржување и проверка на машините вклучени во технолошкиот процес.**
- **Редовна проверка на состојбата на џамбо вреќите што се користат за складирање на прашината заради спречување на разнесување на истата пред се поради нејзините опасни карактеристики.**
- **Правилно управување со отпадот**

**Табела Програма за подобрување за активноста за лиење на бакар**

| # | Активност | Цел | Време на имплементација |
|---|---|---|---|
| 1. | Селекција на отпадот и негово редовно отстранување | Обезбедување на услови за правилно времено складирање | Тековно |
| 2. | План за управување со животната средина | Практична имплементација на стратешките определби на операторот преку конкретни мерки за контрола<br>Правилно и долгорочно управување со сите аспекти на заштита на животната средина и контрола на влијанијата | Во рок од две години,<br>Тековна примена на Планот |
| 3. | Редовен мониторинг согласно Предлог програмата за мониторинг | Контрола на влијанијата од работата на инсталацијата | Согласно условите од дозволата |
| 4. | Процедури за селекција на отпаден бакар | Елиминација на создавање на органски загадувачки материи | Во рок од една година,<br>Тековна примена |
| 5. | Обезбедување на цистерна за собирање и складирање на води искористени од ладење | Складирање на водите искористени од системот за ладење, обезбедување на тековна работа без поголеми прекини, избегнување на емитирање во канализација | Во рок од две години |
| 6. | Обезбедување на алтернативен начин на снабдување со вода за ладење (бунар) | Рационална употреба на природните ресурси | Во рок од две години |
| 7. | Процедури за следење и контрола на системот за ладење | Спречување на инциденти поврзани со работата на системот, елиминирање или намалување на влијанија и сл. | Во рок од една година,<br>Тековна примена |

**Табела Програма за подобрување за активноста за производство на брикети**

| # | Активност | Цел | Време на имплементација |
|---|---|---|---|
| 1. | Редовно одржување и проверка на системот за зафаќање на прашина (отпрашување). | Контрола на влијанијата од работата на инсталацијата | Тековно |
| 2. | Редовно одржување и проверка на машините вклучени во технолошкиот процес. | Практична имплементација на стратешките определби на операторот преку конкретни мерки за контрола<br>Правилно и долгорочно управување со сите аспекти на заштита на животната средина и контрола на влијанијата | Тековно |
| 3. | Редовна проверка на состојбата на џамбо вреќите што се користат за складирање на прашината заради спречување на разнесување на истата пред се поради нејзините опасни карактеристики. | Контрола на влијанијата од работата на инсталацијата | Тековно |
| 4. | Правилно управување со отпадот | Обезбедување на услови за правилно времено складирање | Тековно |